Бр. 04-426/22
26.07.2021

Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 37-н од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и бр.275/19) и член 13 од Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2021 за унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип**

**Член 1**

1. По Интерниот оглас број 01/2021 објавен на 08.07.2021 година, на веб страната и на огласна табла на јавното претпријатие, за унапредување на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, се избира:

- **Александар Стамболиски од Пробиштип**, за работното место Раководител на одделение за SCADA систем и оскултација, со шифра КДР 03 05 А03 128.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа, во која е содржан и предлогот за избор по Интерниот оглас бр.01/2021.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 од оваа Одлука во рок од 5 дена по конечноста на Одлуката.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 08.07.2021 година на веб страницата и на огласната табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип објавен е Интерен оглас бр.01/2021 за унапредување на давател на јавни услуги во Јавното претпријатие.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на даватели на јавни услуги по интерен оглас бр.01/2021, формирана од Директорот со решение бр.04-426/3 од 08.07.2021 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-426/17 од 21.07.2021 година и спроведе интервју со уредните кандидати, за кое состави записник бр.04-426/19 од 23.07.2021 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од селекцијата и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2021.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работното место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2021, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
26.07.2021

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски